# просветно дело

СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

1

2026

# PROSVETNO DELO

JOURNAL FOR THEORY AND PRACTICE OF THE EDUCATION

СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

год.LXXIX **просветно дело** Скопје, 2026

Издава: Здружение за теорија и практика на образованието „ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“ - Скопје

Списанието започна да излегува како весник од 1945 година под име „Просветно дело“, а како списание започна да излегува од 1947 година со истото име. Прв уредник на списанието беше Блаже Конески.

* * *

Претплатата се испраќа на:
Здружение за теорија и практика на образованието „ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“,
ж-сметка: 300 0000035805 97
Комерцијална банка АД Скопје
со ознака ЗА СПИСАНИЕТО

* * *

**Списанието излегува во четири броја годишно. Ракописите не се враќаат. Претплатата трае се додека не се откаже и тоа најдоцна во декември тековната година.**

* * *

**ИЗДАВАЧ**

Здружение за теорија и практика на образованието
**„ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“**
Скопје, Македонија

**ГЛАВЕН УРЕДНИК**

**Проф. д-р Никола ПЕТРОВ**
**Скопје, Македонија**

**РЕДАКЦИЈА**

Проф.д-р Јасна **КУДЕК МИРОШЕВИЌ**
Загреб, Хрватска

Проф.д-р. **Мирсада ЗЕЌО**
Сарајево, БИХ

Проф. д-р **Јадранка РУНЧЕВА**
Нови Сад, Србија

Проф. д-р **Иван ФЕРБЕРЖЕР**
Љубљана, Словенија

Проф. д-р **Фатбарда ЃИНИ**
Тирана, Албанија

Проф. д-р **Васил ДРВОШАНОВ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Томислав ТАНЕВСКИ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Емилија ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА**
Штип. Македонија

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорѓи Илиевски**

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
проф.д-р Томислав Таневски

**e-mail: obrazovni_refleksii@hotmail.com**

# *Содржина*

**ПРОСВЕТНО ДЕЛО** **1 2026**

*списание за теорија и практика на образованието*

UDK- 37 ISSN 0350-6711 год. LXXIX стр.1-

| | | |
|---|---|---|
| **Д-р Томислав ТАНЕВСКИ** | **7** | НЕРАМНОДЕЛНИОТ ТАКТ КАКО БИОЛОШКИ И ДРАМСКИ МЕХАНИЗАМ ВО ОПЕРАТА „ЦАР САМУИЛ“ НА КИРИЛ МАКЕДОНСКИ: НЕВРОМУЗИКОЛОШКА И ПЕДАГОШКА ПЕРСПЕКТИВА |
| **М-р Василка ЃУРЧИНОВСКИ** | **29** | МЕНАЏЕРСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ВОСПИТУВАЧОТ КАКО ФАКТОР ЗА ЕФЕКТИВНО И ЕФИКАСНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ |
| **Д-р Оливер ЦАЦКОВ** | **37** | ПРИДОНЕСОТ НА УЧИЛИШНИТЕ ЛИТЕРАТУРНИ ДРУЖИНИ И КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА ЗА ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКАТА ДРАМСКА ЛИТЕРАТУРА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ |
| **Драган НИКОЛОВСКИ**<br>**Д-р Томислав ТАНЕВСКИ** | **46** | ТРАДИЦИОНАЛНОТО ПЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА |
| **Д-р Огненка ГЕРАСИМОВСКА ДИМИТРОВСКА** | **57** | „КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР“ ОД ВЛАСТИМИР НИКОЛОВСКИ КАКО НАСТАВЕН МАТЕРИЈАЛ ВО МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Ана ЈАКИМОВА** | **72** | УЛОГАТА НА УМЕТНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ |

- решавање на конфликтни ситуации преку соработка;
- реагирање на различните потреби на учениците;
- подобрување на средината за изведување на квалитетни занимања;
- посветеност на напредокот и на постигнувањата на учениците.

Имајки го предвид односот кон развојот и унапредувањето на работата утврден во генералната политика, обуката на вработените треба да биде интегративен дел од генералната стратегија за менаџмент со работниот кадар и со ресурсите што се користат за остварување на целите на организацијата.

## Заклучок

Во однос на се она што досега е кажано во овој труд, можеме да кажеме дека менаџерските компетенции на воспитувачите почнуваат од спознавач и дијагностичар на иницијална состојба, планер, подготвувач, изведувач, поучувач, информатор, мотиватор и реализатор на занимањата, па се до водач, насочувач и координатор на учениците. Тука се додаваат и не помалку важните менаџерски улоги на воспитувачот креатор и регулатор на социјални интеракции, партнер во афективната интеракција и партнер во педагошката документација, воспоставувач на социјален договор, модел (пример) на позитивна личност, застапник на учениците, претставник на институцијата и истражувач и иноватор на сопствената работа.

Секоја улога на воспитувачот - менаџер носи капка по капка успех во мозаикот на неговата просветителска личност и ја мотивира за следните генерации ученици.

Vasilka GJURCINOVSKI, MA

## THE MANAGERIAL COMPETENCIES OF THE EDUCATOR AS A FACTOR FOR THE EFFECTIVE AND EFFICIENT PERFORMANCE OF EDUCATIONAL WORK IN THE DORMITORY

Abstract: The boarding school is an organization for bringing up and educating young people, with the emphasis on bringing them up. While they are being brought up, they should be systematically socialized the

same way as in a family and prepared to get along in their social milieu, while developing a sense of their own worth

The need for adequate changes regarding the organizational mode of the boarding house as a organized teaching enviorment imposes as a result of the enormous social-economic changes and the rapid technological development. This changes will not pass by the educator as a part of the educational process. The educators are challenged with new assignment, they should create teaching enviorment offering different kinds of experiences, in order to help the students in their social, intellectual, fisical and emotional development, in accordance with their age and the level of their development. In order to accomplish this new assignment, the educator needs certain amount of knowledge, skills and competences.

Keywords: managerial competencies, efficiency, effectiveness, occupation, training.

## Користена литература

1. Драган Јанкоски, (1998), Транзиција, менаџмент, образование, НИРО Просветен работник, Скопје;
2. Јовиќ, Б. (2005): Современо училиште- избор или потреба, Просветен работник, Скопје;
3. Michael Amstrong, Human Resource management practice, Philadelpia,SAD, 10th edition, p.175-176;
4. Петковски, К., Славковска,И. (2012):Современ наставник, Херакли комерц, Битола;
5. Петковски,К, Терзиоска,В. (2013): Менаџирање со човечки ресурси во училиштата, Битола;
6. Попоски,К. (1998): Успешен наставник - самооценување и оценување, НИРО „Просветен работник“, Скопје;
7. СОУ „Таки Даскало“ (2011) Ефикасност и ефективност на наставата, Битола;
8. 5.http://www.dobrarabota.mk/docs/Priracnik-za-kariera-csglobal.mk-dobra%20rabota.mk.pdf.

Проф.д-р Оливер ЦАЦКОВ
Универзитет „Гоце Делчев“,Штип
Факултет за образовни науки

СТРУЧЕН ТРУД
“ПРОСВЕТНО ДЕЛО“
LXXIX,1,2026
UDK
**373.091.217:821.163.3-2(091)**

# ПРИДОНЕСОТ НА УЧИЛИШНИТЕ ЛИТЕРАТУРНИ ДРУЖИНИ И КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА ЗА ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКАТА ДРАМСКА ЛИТЕРАТУРА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Апстракт: Трудот ја анализира улогата на училишните литературни и драмски дружини во Македонија во периодот меѓу двете светски војни и нивниот придонес во развојот на македонската литература и театар на македонски јазик. Се истакнува дека овие дружини, формирани во гимназиите и другите училишта, претставувале центри за културна активност и творештво, каде младите автори ги правеле своите први литературни и драмски обиди. Посебно внимание се посветува на влијанието на социјалната литература во 1930-тите години, како и на појавата на автори како Кочо Рацин, Васил Иљоски и Ристо Крле, кои токму во овие средини ги стекнале своите први искуства. И покрај тешките општествено-политички услови и ограничувањата од власта, културниот живот бил активен, а драмските секции и аматерските театри одиграле значајна улога во развојот на сценската уметност. Заклучокот укажува дека овие дружини биле значаен фактор во формирањето на македонската современа литература и драмска традиција.

Веднаш по Првата светска војна на територијата на Македонија во сите средни и основни училишта се формирале училишни литературни дружини,кои во интервалот меѓу двете светски војни,дале забележителни придонес за појавата и за развојот на македонската литература на македонски јазик. Дури по појавата на песните од Кочо Рацин на македонски јазик,се забележале такви обиди. Тие се означени најмногу во напорите да се пишува на македонски јазик, и тоа уште,во средносшколските клупи,на поетот Радослав Петковски во битолската гимназија. Битолската литературна дружина „Иван Гундулич" во своите редови дала еден таков поетски лик ,каков што е, Мите Богоевски. Тој пишувал на македонски јазик,а особено позната негова песна „Имела". Член на битолската гимназиска дружина бил и Здравко Заревски,кој свои песни на македонски јазик објавувал и во списанието „Наша реч" и загребски „Израз". За песната "Кадро од животот" објавил и белешки во кои се вели " Песната "Кадро од животот" ја објавуваме како документ за развој на поезијата на македонскиот народ.[1]

Во Триесетите години на дваесетиот век работата на овие друѓини е фокусирана на поетскито збор и е под влијание на силниот налет на социјалната литература. Во периодот 1929-1930 година на територијата на Македонија постојат полни гимназии во Скопје,Битола и Тетово,неполни во Куманово, Штип, Велес, Гевгелија, Прилеп, Охрид и Дебар. Во сите нив постоеле и литературни друѓини,кои покажувале впечатливи резултати.Со најголема традиција била литературната дружина "Дојчин" била формирана на 5 февруари 1900 година во Солун. Нејзин основач бил Тодор Зафировски. Со преселувањето на Солунската гимназија во Солун 1910 година,литературната дружина „Дојчин" се преселила исто така во Солун.Таа издавала и свој литературен весник-еден од првите училишни книѓевни весници во Македонија. Во 1931-1932 бројот на членови во секцијата изнесувал околу 200,а во 1937 година се искачил дури на илјада членови. Дружината располагала и со библиотека со 1226 книги.

[1] Радивоје Пешиќ, Училишните литературни дружини во Македонија,„Нова Македонија",Скопје,1988.

Активна литературна дружина имала и Трговската академија во Скопје која работела под името „Зора“. Оваа дружина била формирана 1919 година, а карактеристично за неа е тоа имала и своја издавачка дејност. Познато е дека Јован Костовски, писател и новинар, некогаш активен член на оваа литературна дружина во 1928 година, ја објавил својата збирка песни „Збрчкани мотиви“. Во учителската школа работела со над 200 ученика, а имала и библиотека од 3450 книги. Во Велешката гимназија литературната дружина е присутна во книжевниот живот на градот од 1920 до 1927 година,а потоа од 1932 година повторно ја најавила својата активност под името „Јован Дукич“. Во 1936-1937 година оваа дружина броела 140 члена и користи библиотека од 1189 книги. Во годината на обновувањето на работата на литературната дружина,1932 година во Велес се одржало јавно литературно читање од група на напредни младинци меѓу кои бил и Кочо Рацин.Во сите овие песни чукало срцето на работниот човек. Затоа преставниците на власта,кои исто така,биле присутни на ова читање,го прекинале приведувајќи ги присутните на сослушување. Од 1921 година при гимназијата во Штип постоела литературна секција „Напредок“ со 384 члена и библиотека со книжевен фонд од 726 примероци. Во охридската гимназија литературната секција била именувана како “Св.Климент“ и во 1937 година таа имала 335 члена и библиотека со книжевен фонд од 950 книги. Литературната дружина во тетовската гимназија „Јован Скерлиќ“ била формирана во 1923 година. Иако за цело време е речиси полна,ја достигнале бројката од 150 члена, со библиотека со книжевен фонд од 1155 книги. Литературната дружина во Гевгелија “Јужна Звезда“ била формирана во 1924 година имала околу 160 члена и со скромна библиотека од 587 книги. Во 1924 година во Гевгелија било формирано и културно уметничко друштво “ Просвета“. При друштвото биле формирани читалиште и неколку секции: драмска,спортска,музичка.

Најголема активност покажала драмска секција,која успеала покрај другите да изведе и дека како “Сомнително лице“, „Јазовец“ пред суд“, “ Ревизор“, и други. Дека учениците при Гевгелиската гимназија имале развиен културен-забавен живот го потврдува и нивното гостување во штипската гимназија каде ја извеле опера-та-бајка „Снежана“ од П.Ј. Крстич. Реализатори на оваа музичка приредба

која се одржала на 6.4.1924 година биле ученици од 1-4 клас од Гевгелиската гимназија.

Драмската секција од Гевгелија гостувала во Штип со комедијата „Лажа и паралажа“ од Ј.С.Попович. Иако македонското население во периодот меѓу двете светски војни живееле во мошне тешки општествени и политички и економски услови секогаш ,дури и на капиларен начин, успевале да пронајдат начин како да ги задоволат своите духовни потреби за културно-забавен живот,особено театарскиот. Низ цела Македонија се чувствувал подемот на аматерските културно уметнички друштва. Театарска група била формирана и во Богданци во 1929 година во која соработувале преку 30 членови и изведувале престави кои биле масовно посетувани не само во Богданци,но  и во Гевгелија и Валандово.Активност на овој план забележала и кумановската секција,која била именувана како „Његош“. Токму преку ученичката литературна секција во Куманово Васил Иљовски ги правел и првите обиди,своите внатрешни побуди да ги изрази драмски кои, како што е познато,не останале анонимни. Драмскиот текст  “ По матура„ во овој период односно во 1922 година е интересен од повеќе причини. Прво,по тоа што Васил Иљовски своите тенеденции кон драмскиот уметнички израз го демонстрирал јавно и второ,што е поважно, во едночинката “јунаците„ се изразувале на македонски јазик. Токму “ во овие училишни и студентски драмски дружини Иљовски ги собрал првите искуства како автор,режисер и актер навлегувајќи подлабоко во можностите на сцената и на живиот театарски говор“.[2]

Освен литературната секција во Гимназијата, во Куманово уште во 192о година во состав на градската културна уметничка група „Максим Горки“ постоела и драмска секција. Таа раководена од студентот Душан Караџич поставила на сцена две драми: едната во негов превод од германски ајзик  под наслов “Железниот крст за храброст“ и „ Човекот што зборува француски“ од француски јазик. И двете драми биле во контекст на актуелните состојби во градот. За актуелноста на КУД „Максим Горки“ илустрира и неговото гостување во Велес,каде групата била со воодушевеност пречекана.

[2] Ацо Алексиев,Васил Иљовски, “Избор“,Кочо Рацин,Скопје,1966,стр 11.

Неколку години подоцна во 1926 во Куманово било формирано ново културно-уметничко друштво „Абрашевиќ“. Друштвото формирало и свои секции. Биле застапени : драмска,рецитаторска,хорска и тамбурашка секција.

Сите имале свој интензивен живот. Драмската секција за својот прв јавен настап ја подготвила драмата „Рудари“ Драмата била инспирирана од животот на работниците во рударскиот град Тробовље (Словенија) и нивниот храбар подвиг по цена на крвопролевање да го одбраната својот Работнички дом од тогашната нацистичка власт. Драмата била изведувана и во рударските населби Пробиштип и Злетово,а за тоа колку истата допрела до публиката, потврдувало тоа што истата честопати била прекинувана со овации. Публиката гледајќи ја драмата всушност се гледале себе си,својата трагедија која дотогаш,за работниците и селаните,за секој чесен Македонец била општа односно негова.

Драмата, пак, „Жртва капитала„ требало по неколку месечна подготовка да биде изведена на почетокот на 1928 година, но непосредно пред премиерата истата била спречена од страна на жандармеријата односно власта. Власите подоцна дозволите истата да биде на репертоар но под друг наслов „Живот једног фабричког радника“.

Драмската активност во Куманово била континуирана. При секое друштво, спортско или културно-просветно ,средносшколско или студентско постоеле драмски секции. Впечатлива била изведбата на „Сомнително лице “ од Нушиќ од страна на кумановските студенти во 1937 година. Во ликот на Јеротие Пантич цело Куманово го гледал својот полициски писар. Исто така, впечатлива била и приредбата на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“[3] организирана во 1937 година со која била изразена целосна поддршка кон шпанскиот народ и неговата борба за слобода за време на тамошната граѓанска војна.На приредбата хорски била рецитирана поемата на Миндеровиќ “Батахос“ и изведена социјалната драма “Крадљивица“. Малку подоцна со огромен успех пред своите граѓани ја извеле и драматиазацијата на Цанкаровиот расказ “Слугата Јернеј и неговото право“.

[3] Боро Чушкар,Борбено Куманово 1912-1941 ,ООП и Собрание на Општина Куманово,Просвета,1987.

Кога се зборува за определувањето на Васил Ињовски за драмскиот книжевен род,оваа драмска традиција на градот во кој Иљовски проникнал како писател, секогаш треба да се земе како фактор, кој во тоа определување зема примарно место. Понатаму од пресудно значење е и пријателството на младиот професор Иљовски со авторот на „Рудари“ и „Жртва капитала“ професорот Милан Мијалковиќ. Тој и Васил биле професори во Кумановската гимназија и оваа пријателство било од особена важност за Васил Иљовски и на уметнички план. Може да се каже дека идентиечен е и случајот и со Ристо Крле,драмскиот аматеризам и народниот фолклор се традиционална опсесија на луѓето од поднебјето од која израснал [4]и овој писател. Во состав на спортското и културно-просветно друштво „Црн Дрим“ драмската секција работела уште од 1917 година. Покрај некој полесни пиески и едночинки,драмската секција на друштвото во 1925 година се обидела да ја прикаже пред струшката публика и драмата на Којдан Чернодрински „Крвава македонска свадба“, но поради забрана од полицијата до тоа не дошло. Во работатата на друштвото активно учество земал и младиот чевларски работник Ристо Крле,посебно во периодот од 1920 до 1924 година. Ако неколку годишната активност во драмската секција на Црни Дрим на идниот драматург не му овозможила подлабоко да навлезе во тајните на овој сложен книжевен род, таа со трајна љубов судбински го врзала за драмското кажување и на момент на творечки излив оваа љубов да премине во уметнички чин. Во 1930 година во Струга работала нова аматерска дружина раководена исто така од пасиониран вљубеник на дијалошкиот збор Петар Чакар. Драмскиот аматеризам во струшко свој блесок постигнал и во селото Вевчани каде е основана група од 14 драмски ентузијасти овие, и покрај будното око на полицијата со забрани и закани успеале да ја подготват и прикажат, прво пред месното население,а потоа и во Струга драмата на Панов „Печалбари“.Од овој крај потекнува и основоположникот на македонската драмска литература Војдан Чернодрински и за Крле неговата драмска активност не останала непозната.

[4] Ристо Крле е роден 1900 година во Струга.

Во битолската гимназија работела литературната дружина “Св.Кирил и Методиј“, со 227 ученика и библиотека од 930 книги. Покрај неа во Битола постоеле уште и литературни дружини во Трговската академија “Иван Гундилиќ“ и литературната дружина при Богословијата “Братство“.

Создаден е еден значаен литературен круг во Битола во кој учествувале Иван Точко,Божидар Ничота, Бранко Михаилов,Сотир Акимов и други.

Литературни дружини во периодот меѓу двете светски војни постоеле и во гиманзиите во Прилеп позната како „Доситеј Обрадович“ и во Струмица „Ѓура Јакшич“. При литературната дружина во струмичката гимназија работела и драмска секција, која направила обид да ги постави сценски “Измама“ од Ѓлиѓиќ и „Јазовец пред суд“. Во времето кога младиот гимназијалец Панов започнал да покажува повискои стремежи меѓу своите врсници и својата средина, во Струмица со културна просветна работа се занимавале неколку друштва: „Реља Крилатица“, „Јадранска стража“ и „Занатска омладина“. Забележливи резултати постигнало само друштвото “Реља Крилатица“,кое имало драмска,музичка,хорска секција. Во записникот на друштвото од 14.08.1930 година стои дека започнале подготовките за изведбата на драмската секција на Друштвото за прославата по повод јубилејот за десетгодишната работа на друштвото, по иницијатива на некои напредни малдинци започнала да ја подготвува “Печалбари“ . Во записникот на Друштвото за ова се вели дека „Управа је добила пристанак од аутора “Печалбари“ да може у оквирупрославе десетогодишнице изводити комад у Струмици“ стим да на име тантиме шаље 10% од бруто прихода после сваке приредбе и да замоли УЈДА[5] да Друштво снабде потребном дозволом.[6] Она што “Печалбари“ го постиганале меѓу гледачите во Скопје,се повторило и во Струмица.Тоа го потврдува и записникот...

Сите овие литературни дружини имале за задача да ги собираат оние ученици што се обидувале литературно да творат или кои имале своевиден интерес кон литературата.

[5] Управа југословенских драмских аутора

[6] Градски историски архив Струмица,Фонд: Културно уметничко друштво “Реља Крилатица“, кн.2.стр5.

Разбирливо училишните власти строго воделе сметка за нивниот лик и ги ориентирале главно во духот на постојните општествени и политички разбирања. Колку и да не може да се зборува за нивниот удел на овие литературни дружини за појавата на македонската драмска литература од ова време,сепак не може да се помине преку вистината дека во овие дружини се подготвувале и не ретко, обично за празниците:верски и режимски театарски престави и токму во нив започнале да го учат литературниот занает Васил Иљовски, Антон Панов, Ристо Крле, Радослав Петковски и друи македонски писатели.

Oliver CACKOV, Ph.D.

## THE CONTRIBUTION OF SCHOOL LITERARY SOCIETIES AND CULTURAL-ARTISTIC ASSOCIATIONS TO THE EMERGENCE OF MACEDONIAN DRAMATIC LITERATURE BETWEEN THE TWO WORLD WARS

Abstract: This paper analyzes the role of school literary and drama societies in Macedonia during the interwar period and their contribution to the development of Macedonian literature and theatre in the Macedonian language. These societies, established within high schools and other educational institutions, functioned as important cultural and creative centers where young authors made their first literary and dramatic attempts. Special attention is given to the influence of socially engaged literature in the 1930s, as well as to the emergence of authors such as Kočo Racin, Vasil Iljoski, and Risto Krle, who gained their initial experience in these environments. Despite difficult socio-political conditions and restrictions imposed by authorities, cultural life remained active, and drama sections and amateur theatre groups played a significant role in the development of theatrical art. The paper concludes that these societies were a key factor in shaping modern Macedonian literature and dramatic tradition.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Алексиев А. (1989) *Основоположниците на македонската драмска литература*. Скопје: Мисла.
2. Алексиев А. & Иљоски В. (1966) *Избор*. Скопје: Кочо Рацин.
3. Бошковски Ј. (1968) *Историја на македонската драма*. Скопје: Македонска книга.
4. Корубин Б. (1980). *Македонскиот театар до 1945 година (за делото на Васил Иљоски)*. Скопје.
5. Чушкар Б. (1987), *Борбено Куманово 1912-1941*. Куманово: ООП и Собрание на Општина Куманово; Просвета.
6. Градски историски архив Струмица. Фонд: Културно-уметничко друштво „Реља Крилатица“, кн. 2, стр. 5.
7. Мирчев Д. *Културно-просветниот живот во Македонија меѓу двете светски војни*. Скопје: Македонска книга.
8. МАНУ. *Развојот на македонската национална култура*. Скопје: МАНУ.

**Драган НИКОЛОВСКИ**
**Проф.д-р Томислав ТАНЕВСКИ**
**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**
**Музичка Академија**

СТРУЧЕН ТРУД

“ПРОСВЕТНО ДЕЛО“
LXXIX,1,2026
UDK
**781.7(497.7):784:37. 091.3**

# ТРАДИЦИОНАЛНОТО ПЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Трудот го истражува континуитетот на традиционалното пеење во Македонија како интегрален дел од националниот идентитет и неговата транзиција од обредна практика во современа педагошка форма. Фокусот е ставен на методологијата на изучување на народното пеење кај младите генерации, со посебен акцент на техничките аспекти како што се правилната вокална техника, дишењето и употребата на гласовните регистри. Преку анализа на синкретичната природа на народната песна и потребите за систематска едукација, трудот нуди насоки за постигнување врвна изведба која ја зачувува емоцијата и пораката на традиционалниот изведувач во современ контекст.

Клучни зборови: традиционално пеење, вокална техника, дишење, гласовни регистри, македонски мелос, музичка педагогија.

## ВОВЕД

Традиционалното пеење во Македонија претставува еден од највиталните столбови на културното наследство, кое како дел од обредните практики на населението се задржало како „жива" традиција сè до крајот на XX век. Низ историјата, македонската песна не поседувала само забавен карактер, туку била суштински дел од синкретичната форма на обредот. Со неа се прославувало раѓање на дете, свадба, но се вршеле и обреди за изгонување демони или повикување дожд преку додолските песни.

Меѓутоа, по Втората светска војна, со промените во начинот на живот, особено во селските средини, улогата на народните песни почнала да се трансформира. Со губењето на првобитната обредна функција и нивната синкретичност, младите генерации постепено се оддалечиле од автентичниот национален музички израз. Како што забележува Фирфов (1953), трансформацијата на фолклорот е природен процес во услови на урбанизација. Младите генерации почнале да ги прифаќаат новите општествени текови, оддалечувајќи се од традиционалниот израз. Во последните две децении се забележува ревитализација на интересот во урбаните средини, каде традиционалната песна се репродуцира автентично или преку современа стилизација. Овој труд има за цел да ја дефинира методологијата на изучување на ова пеење денес, нагласувајќи дека тоа не е само музејски реликт, туку жива материја која постојано се усовршува.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНОТО ПЕЕЊЕ

Денес, традиционалната македонска песна се смета за „жива материја која постојано се усовршува". Ранковиќ и Мајцен (2012) нагласуваат дека традиционалната музика не е само културно-историски реликт, туку интегрален дел од нашето секојдневие. За младиот пејач да ја доведе изведбата до врвна форма, неопходно е „ангажирано" пеење. Ова подразбира разбирање на песната како дел